Претседателот на Одборот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 4 на овој член до писарницата на претседателот на Одборот да донесе решение со кое барањето за акредитација е уважено или одбиено. Доколку претседателот на Одборот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Одборот.

Доколку претседателот на Одборот не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во Одборот дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира граѓанинот.

Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува претседателот на Одборот во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку претседателот на Одборот не одлучи во рокот од ставот 10 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателот на Одборот ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку претседателот на Одборот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 8 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 15 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, граѓанинот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку претседателот на Одборот не одлучи во рок од ставот 10 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Подзаконскиот акт од ставот 5 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на министерството надлежно за работите на високото образование."

Ставот 5 станува став 22.

Член 2

Членот 35 се менува и гласи:

„По извршувањето на подготовките за почеток со работа на високообразовната установа, основачот, односно органот овластен од него, поднесува барање до министерството надлежно за работите на високото образование, за остварување увид за исполнетоста на условите за почеток со работа на високообразовната установа.

Ако се утврди дека за прва и втора студиска година се избрани и вработени, согласно со овој закон, најмалку половина од вкупниот број наставници, одделно за секоја студиска програма, во согласност со стандардите за оптоварување на наставните обврски утврдени со уредбата за нормативи и стандарди и ако се исполнети и другите услови утврдени со овој закон и со решението за акредитација, министерот надлежен за работите на високото образование во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 1 на овој член донесува решение за почеток со работа на високообразовната установа (во натамошниот текст: решение за почеток со работа), кое е конечно.

Ако се утврди дека не се исполнети условите од ставот 2 на овој член министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за одбивање за почеток со работа на високообразовната установа.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение за почеток со работа, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот 1 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот и министерот надлежен за работите на високото образование

да донесе решение. Доколку министерот надлежен за работите на високото образование нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на министерството надлежно за работите на високото образование.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Кон барањето за донесување на решението за почеток со работа од ставот 4 на овој член барателот доставува и копија од барањето од ставот 1 на овој член.

Министерот надлежен за работите на високото образование е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 4 на овој член до писарницата на министерот надлежен за работите на високото образование, да донесе решение со кое барањето за почеток со работа е уважено или одбиено.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во министерството надлежно за работите за високото образование дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето.

Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот надлежен за работите за високото образование во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да донесе решение со кое барањето за почеток со работа е уважено или одбиено и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка, и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот надлежен за работите на високото образование ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 11 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 8 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во министерството надлежно за работите на високото образование дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 15 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, граѓанинот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не одлучи во рок од ставот 10 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Подзаконскиот акт од ставот 5 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на министерството надлежно за работите на високото образование.

Во договорот за работа склучен меѓу високообразовната установа и лицата од ставот 2 на овој член се утврдува дека тие ќе стапат на работа најдоцна два месеца пред почетокот на првата, односно втората учебна година.

Одредбите од овој член соодветно се применуваат и за остварување на студиски програми надвор од седиштето на високообразовната установа.“

Член 3

Во членот 159 ставот 4 се менува и гласи:

„Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение за еквиваленција и признавање на странската високообразовна квалификација, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од ставот 2, односно 3 на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот надлежен за работите на високото образование и министерот надлежен за работите на високото образование да донесе решение. Доколку министерот надлежен за работите на високото образование нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на министерството надлежно за работите на високото образование.“

По ставот 4 се додаваат 17 нови става 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21, кои гласат:

„Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 4 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Кон барањето за донесување на решението за еквиваленција и признавање на странската високообразовна квалификација од ставот 4 на овој член, барателот доставува и копија од барањето од ставот 2, односно 3 на овој член.

Министерот надлежен за работите на високото образование е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот 4 на писарницата на министерот надлежен за работите на високото образование, да донесе решение со кое барањето за еквиваленција и признавање на странската високообразовна квалификација е уважено или одбиено.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение во рокот од ставот 7 на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 8 на овој член да изврши надзор во министерството надлежно за работите за високото образование дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот надлежен за работите на високото образование во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не донесе решение во рокот од ставот 10 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот надлежен за работите на високото образование ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не одлучи во рокот од ставот 11 на овој член, инспекторот ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во рок од три дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 8 на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 13 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 8 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот 12 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во министерството надлежно за работите на високото образование дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Во случајот од ставот 15 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 14 на овој член, граѓанинот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот надлежен за работите на високото образование не одлучи во рок од ставот 10 на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Подзаконскиот акт од ставот 5 на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на донесувањето на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на министерството.“

Член 4

Во членот 160 зборовите: „комисијата за решавање во втор степен надлежна за работите на образованието при Владата на Република Македонија “ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 5

Во членовите 162 ставови 4 и 5 и 163 став 3 зборовите: „второстепената комисија за решавање во управна постапка од областа на образованието при Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 6

Одредбите од членовите 4 и 5 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за високото образование.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR ARSIM TË LARTE

Neni 1

Në Ligjin për arsim të larte ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010 dhe 17/2011), në nenin 32 paragrafet 3 dhe 4 shlyhen.

Pas paragrafit 2 shtohen 19 paragrafe të rinj 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 dhe 21, si vijojne:

"Keshilli, në afat prej 60 ditesh nga dita e paraqitjes së kerkeses për miratimin e aktvendimit për akreditim të projektit për themelimin e institucionit privat të arsimit të larte, miraton aktvendim me të cilin vendos për kerkesen për miratimin e aktvendimit për akreditim të projektit për themelimin e institucionit privat të arsimit të larte (në tekstin e metejme: aktvendim për akreditim).

Nese Keshilli nuk miraton aktvendim për akreditim, perkatesisht nuk miraton aktvendim për refuzimin e kerkeses në afatin nga paragrafi 4 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses ka të drejte që në afat prej tri diteve të punes të paraqese kerkese në sekretarine e kryetarit të Keshillit dhe kryetari i Keshillit të miratoje aktvendim.

Formen dhe permbajtjen e formularit të kerkeses nga paragrafi 3 i ketij neni, i percakton ministri kompetent për punet e arsimit të larte.

Me kerkesen për miratimin e aktvendimit për nostrifikim, perkatesisht ekuivalence kerkuesi dorezon edhe kopje të kerkeses nga paragrafi 3 i ketij neni.

Kryetari i Keshillit eshte i obliguar që në afat prej pese diteve të punes nga dita e paraqitjes së kerkeses nga paragrafi 4 i ketij neni në sekretarine e kryetarit të Keshillit, të miratoje aktvendim me të cilin kerkesa për akreditim pranohet apo refuzohet. Nese kryetari i Keshillit nuk ka sekretari, kerkesa dorezohet në sekretarine e selise së Keshillit.

Nese kryetari i Keshillit nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi 7 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese diteve të punes.

Inspektori eshte i obliguar që në afat prej dhjete ditesh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi 8 i ketij neni, të kryeje mbikeqyrje në Keshillin nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informoje qytetarin.

Inspektori pas mbikeqyrjes së kryer në pajtim me ligjin, miraton aktvendim me të cilin e ngarkon kryetarin e Keshillit që në afat prej dhjete ditesh të vendose për kerkesen e paraqitur, perkatesisht ta miratoje apo refuzoje kerkesen dhe ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur.

Nese kryetari i Keshillit nuk vendos në afatin nga paragrafi 10 i ketij neni, inspektori do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin kryetari i Keshillit do të vendose për kerkesen e paraqitur për cfare në afatin e njejte do ta njoftoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur. Inspektori në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses.

Nese kryetari i Keshillit nuk vendos edhe në afatin plotesues nga paragrafi 11 i ketij neni, inspektori në afat prej tri diteve të punes do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat do ta informoje parashtruesin e kerkeses.

Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi 8 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese ditesh ka të drejte të parashtroje kundershtim në sekretarine e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së Inspektoratit Shteteror Administrativ.

Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ detyrohet që në afat prej tri diteve të punes nga dita e pranimit ta shqyrtoje kundershtimin nga paragrafi 13 i ketij neni dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kerkeses nga paragrafi 8 i ketij neni dhe/ose nuk parashtron kallezim në pajtim me paragrafin 12 të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin inspektori do të kryeje mbikeqyrje në organin kompetent nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi 14 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent kunder inspektorit, dhe në afat prej tri diteve të punes do ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Në rastin nga paragrafi 15 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, menjehere, e më së voni në afat prej një dite pune do të autorizoje inspektor tjeter që ta kryeje mbikeqyrjen menjehere.

Në rastet nga paragrafi 16 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin 14 të ketij neni, qytetari mund të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tete diteve të punes.

Nese kryetari i Keshillit nuk vendos në afatin nga paragrafi 10 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngrite kontest administrativ në gjykaten kompetente.

Akti nenligjor nga paragrafi 5 i ketij neni miratohet në afat prej 15 ditesh nga dita e miratimit të ketij ligji.

Pas miratimit të aktit nenligjor, ai menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh publikohet në ueb faqen e ministrise kompetente për punet e arsimit të larte."

Paragrafi 5 behet paragraf 22.

Neni 2

Neni 35 ndryshohet si vijon:

"Pas kryerjes së pergatitjeve për fillimin e punes të institucionit të arsimit të larte, themeluesi, perkatesisht organi i autorizuar nga ai, parashtron kerkese te ministria kompetente për punet e arsimit të larte, për realizimin e kontrollit për plotesimin e kushteve për fillim të punes të institucionit të arsimit të larte.

Nese konstatohet se për vitin studimor të pare dhe të dyte jane zgjedhur dhe punesuar, në pajtim me kete ligj, së paku gjysma e numrit të pergjithshem të mesimdhenesve, për çdo program studimor veç e veç, në pajtim me standardet për ngarkimin e obligimeve arsimore të percaktuara me dekretin për normativa dhe standarde dhe nese jane plotesuar edhe kushtet tjera të percaktuara me kete ligj dhe me aktvendimin për akreditim, ministri kompetent për punet e arsimit të larte në afat prej 60 ditesh nga dita e paraqitjes së kerkeses nga paragrafi 1 i ketij neni, miraton aktvendim për fillim të punes të institucionit të arsimit të larte (në tekstin e metejme: aktvendimi për fillimin e punes), i cili eshte perfundimtar.

Nese konstatohet se nuk jane plotesuar kushtet nga paragrafi 2 i ketij neni, ministri kompetent për punet e arsimit të larte miraton aktvendim për refuzimin e fillimit të punes të institucionit të arsimit të larte.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim për fillimin e punes, perkatesisht nuk miraton aktvendim për refuzimin e kerkeses në afatin nga paragrafi 1 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses ka të drejte që në afat prej tri diteve të punes të parashtroje kerkese në sekretarine e ministrit dhe ministri kompetent për punet e arsimit të larte të miratoje aktvendim. Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së ministrise kompetente për punet e arsimit të larte.

Formen dhe permbajtjen e formularit në kerkeses nga paragrafi 4 i ketij neni, e percakton ministri kompetent për punet e arsimit të larte.

Me kerkesen për miratimin e aktvendimit për fillimin e punes nga paragrafi 4 i ketij neni, kerkuesi dorezon dhe kopje nga kerkesa nga paragrafi 1 i ketij neni.

Ministri kompetent për punet e arsimit të larte eshte i obliguar që në afat prej pese diteve të punes nga dita e parashtrimit të kerkeses nga paragrafi 4 i ketij neni në sekretarine e ministrit kompetent për punet e arsimit të larte, të miratoje aktvendim me të cilin kerkesa për fillimin e punes pranohet apo refuzohet.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi 7 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese diteve të punes.

Inspektori eshte i obliguar që në afat prej dhjete ditesh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi 8 i ketij neni, të kryeje mbikeqyrje në ministrine kompetente për punet e arsimit të larte nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer e informon parashtruesin e kerkeses.

Inspektori pas mbikeqyrjes së kryer në pajtim me ligjin miraton aktvendim me të cilin e ngarkon ministrin kompetent për punet e arsimit të larte që në afat prej dhjete ditesh të vendose për kerkesen e paraqitur, perkatesisht të miratoje aktvendim me të cilin kerkesa për fillimin e punes pranohet apo refuzohet dhe ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi 7 i ketij neni, inspektori do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin ministri kompetent për punet e arsimit të larte do të vendose për kerkesen e paraqitur për cfare në afatin e njejte do ta njoftoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur. Inspektori në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk vendos edhe në afatin plotesues nga paragrafi 11 i ketij neni, inspektori në afat prej tri diteve të punes do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent dhe në atë afat, do ta informoje parashtruesin e kerkeses.

Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi 8 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese ditesh ka të drejte të parashtroje kundershtim në sekretarine e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së Inspektoratit Shteteror Administrativ.

Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ detyrohet që në afat prej tri diteve të punes nga dita e pranimit ta shqyrtoje kundershtimin nga paragrafi 13 i ketij neni, dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kerkeses nga paragrafi 8 i ketij neni dhe/ose nuk parashtron kallezim në pajtim me paragrafin 12 të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin inspektori do të kryeje mbikeqyrje në ministrine kompetente për punet e arsimit të larte nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi 14 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent kunder inspektorit, dhe në afat prej tri diteve të punes do ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Në rastin nga paragrafi 15 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, menjehere, e më së voni në afat prej një dite pune do të autorizoje inspektor tjeter që ta kryeje mbikeqyrjen menjehere.

Në rastet nga paragrafi 16 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ në afat prej tri diteve të punes, do ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin 14 të ketij neni, qytetari mund të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tete diteve të punes.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk vendos në afatin nga paragrafi 10 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngrite kontest administrativ në gjykaten kompetente.

Akti nenligjor nga paragrafi 5 i ketij neni, miratohet në afat prej 15 ditesh nga dita e miratimit të ketij ligji.

Pas miratimit të aktit nenligjor ai menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh publikohet në ueb faqen e ministrise kompetente për punet e arsimit të larte.

Në marreveshjen për pune të lidhur ndermjet institucionit të arsimit të larte dhe personave nga paragrafi 2 i ketij neni, percaktohet se ato do të hyjne në pune më së voni dy muaj para fillimit të vitit të pare, perkatesisht vitit të dyte shkollor.

Dispozitat e ketij neni në menyre perkatese zbatohen edhe për realizimin e programeve studimore jashte selise së institucionit të arsimit të larte."

Neni 3

Në nenin 159 paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

"Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim për ekuivalence dhe pranim të kualifikimit të arsimit të larte të huaj, perkatesisht nuk miraton aktvendim për refuzimin e kerkeses në afatin nga paragrafi 2, perkatesisht 3 të ketij neni, parashtruesi i kerkeses ka të drejte që në afat prej tri diteve të punes të parashtroje kerkese në sekretarine e ministrit kompetent për punet e arsimit të larte dhe ministri kompetent për punet në arsimin e larte të miratoje aktvendim. Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së ministrise kompetente për punet e arsimit të larte."

Pas paragrafit 4 shtohen 17 paragrafe të rinj 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20 dhe 21, si vijojne:

"Formen dhe permbajtjen e formularit të kerkeses nga paragrafi 4 i ketij neni, i percakton ministri kompetent për punet e arsimit të larte.

Me kerkesen për miratimin e aktvendimit për ekuivalence dhe pranim të kualifikimit të arsimit të larte të huaj nga paragrafi 4 i ketij neni, kerkuesi dorezon edhe kopje nga kerkesa nga paragrafi 2, perkatesisht paragrafi 3 i ketij neni.

Ministri kompetent për punet e arsimit të larte eshte i obliguar që në afat prej pese diteve të punes nga dita e parashtrimit të kerkeses nga paragrafi 4 në sekretarine e ministrit kompetent për punet e arsimit të larte, të miratoje aktvendim me të cilin kerkesa për ekuivalence dhe pranim të kualifikimit të arsimit të larte të huaj pranohet apo refuzohet.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi 7 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ në afat prej pese diteve të punes.

Inspektori eshte i obliguar që në afat prej dhjete ditesh nga dita e pranimit të njoftimit nga paragrafi 8 i ketij neni, të kryeje mbikeqyrje në ministrine kompetente për punet e arsimit të larte nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Inspektori pas mbikeqyrjes së kryer në pajtim me ligjin, miraton aktvendim me të cilin e ngarkon ministrin kompetent për punet e arsimit të larte që në afat prej dhjete ditesh të vendose për kerkesen e paraqitur, perkatesisht ta pranoje apo refuzoje kerkesen dhe ta njoftoje Inspektoratin Shteteror Administrativ për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk miraton aktvendim në afatin nga paragrafi 10 i ketij neni, inspektori do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin ministri kompetent për punet e arsimit të larte do të vendose për kerkesen e paraqitur për cfare në afatin e njejte do ta njoftoje inspektorin për aktin e miratuar. Me njoftimin dorezohet kopje nga akti me të cilin ka vendosur për kerkesen e paraqitur. Inspektori në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese ministri kompetent për punet në arsimin e larte nuk vendos në afatin nga paragrafi 11 i ketij neni, inspektori do të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent.

Nese inspektori nuk vepron për njoftimin nga paragrafi 8 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses në afat prej pese diteve të punes ka të drejte që të parashtroje kundershtim në sekretarine e drejtorit të Inspektoratit Shteteror Administrativ. Nese drejtori nuk ka sekretari, kerkesa parashtrohet në sekretarine e selise së Inspektoratit Shteteror Administrativ.

Drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ detyrohet që në afat prej tri diteve të punes nga dita e pranimit, ta shqyrtoje kundershtimin nga paragrafi 13 i ketij neni dhe nese konstaton se inspektori nuk ka vepruar për njoftimin e parashtruesit të kerkeses nga paragrafi 8 i ketij neni dhe/ose nuk parashtron kallezim në pajtim me paragrafin 12 të ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të parashtroje kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese për kundervajtje të percaktuar në Ligjin për inspeksionin administrativ për inspektorin dhe do të percaktoje afat plotesues prej pese diteve të punes, në të cilin inspektori do të kryeje mbikeqyrje në ministrine kompetente për punet e arsimit të larte nese eshte zbatuar procedura në pajtim me ligjin dhe në afat prej tri diteve të punes nga dita e mbikeqyrjes së kryer, ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese inspektori nuk vepron edhe në afatin plotesues nga paragrafi 14 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ do të paraqese kallezim te prokurori publik kompetent kunder inspektorit, dhe në afat prej tri diteve të punes do ta informoje parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Në rastin nga paragrafi 15 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ, menjehere, e më së voni në afat prej një dite pune do të autorizoje inspektor tjeter që ta kryeje mbikeqyrjen menjehere.

Në rastet nga paragrafi 16 i ketij neni, drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ në afat prej tri diteve të punes e informon parashtruesin e kerkeses për masat e ndermarra.

Nese drejtori i Inspektoratit Shteteror Administrativ nuk vepron në pajtim me paragrafin 14 të ketij neni, qytetari mund të parashtroje kallezim te prokurori publik kompetent në afat prej tete diteve të punes.

Nese ministri kompetent për punet e arsimit të larte nuk vendos në afatin nga paragrafi 10 i ketij neni, parashtruesi i kerkeses mund të ngrite kontest administrativ në gjykaten kompetente.

Akti nenligjor nga paragrafi 5 i ketij neni, miratohet në afat prej 15 ditesh nga dita e miratimit të ketij ligji.

Pas miratimit të aktit nenligjor ai menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh publikohet në ueb faqen e ministrise."

Neni 4

Në nenin 160 fjalet: "Komisionin për Vendimmarrje në Shkalle të Dyte kompetent për punet e arsimit në Qeverine e Republikes së Maqedonise" zevendesohen me fjalet: "Komisionin Shteteror për Vendimmarrje në Procedure Administrative dhe Procedure për Marredhenie të Punes në Shkalle të Dyte".

Neni 5

Në nenet 162 paragrafet 4 dhe 5 dhe 163 paragrafi 3 fjalet: "Komisionin për Vendimmarrje në Shkalle të Dyte kompetent për punet e arsimit në Qeverine e Republikes së Maqedonise" zevendesohen me fjalet: "Komisionin Shteteror për Vendimmarrje në Procedure Administrative dhe Procedure për Marredhenie të Punes në Shkalle të Dyte".

Neni 6

Dispozitat nga nenet 4 dhe 5 të ketij ligji, do të fillojne të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për themelimin e Komisionit Shteteror për Vendimmarrje në Procedure Administrative dhe Procedure për Marredhenie të Punes në Shkalle të Dyte.

Neni 7

Autorizohet Komisioni Juridiko-Ligjvenes i Kuvendit të Republikes së Maqedonise që të percaktoje tekst të spastruar të Ligjit për arsim të larte.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

1410.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-1957/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009 и 57/10), во членот 2 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Во постапката при вршење на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 2

Во член 16 по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- директорот донесува годишна програма за работа на Инспекторатот најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.“

Член 3

Во членот 19 став 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- редовен инспекциски надзор,“.

Член 4

Во членот 20 став 1 по зборот „менаџмент“ се додаваат зборовите „исполнување на работните задачи на наставниците и стручните соработници“.

Член 5

По членот 26 се додаваат два нови члена 26-а и 26-б, кои гласат:

„Член 26-а

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор Државниот просветен инспектор или овластениот просветен инспектор на општината, односно на градот Скопје утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членот 36 ставови 1, 2 и 3 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или правното лице каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе правни лица.

Доколку во закажаниот термин лицето или правното лице над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или правното лице над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку Државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку Државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје кој го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

Член 26-б

Државниот просветен инспекторат, односно овластениот просветен инспектор на општината/градот Скопје за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Државниот просветен инспекторат, на унифициран квартален преглед.“

Член 6

Во членот 31 ставови 2, 3 и 4 бројот „15 “ се заменува со зборот „осум“.

Член 7

Членот 32 се менува и гласи:

“Против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата од ставот 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

По жалба против одлуките на државниот просветен инспектор, односно овластениот просветен инспектор одлучува посебна комисија составена од претседател и два члена кои ги именува министерот, односно градоначалникот на општината.

Членови на комисијата од ставот 3 на овој член се овластени службени лица со висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит, при што претседателот на комисијата задолжително е од редот на раководните државни службеници кои не биле вклучени во вршењето на инспекцискиот надзор.

Комисијата од ставот 3 на овој член одлуката по жалба ќе ја донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.

Доколку Комисијата не одлучи по жалбата во рокот од ставот 5 на овој член, подносителот на жалбата има право во рок од три работни дена да поднесе барање до писарницата на министерот, односно градоначалникот за да донесе решение.

Формата и содржината на барањата од ставот 6 на овој член ги пропишува министерот.

Кон барањето од ставот 6 на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од жалбата од ставот 1 на овој член.

Министерот, односно градоначалникот е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 6 на овој член до писарницата да одлучи по жалбата. Доколку министерот, односно градоначалникот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на министерството, односно општината.

Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи по жалбата во рокот од ставот 9 на овој член, подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот 10 на овој член да изврши надзор во Министерството, односно општината дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира граѓанинот.

Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот, односно градоначалникот во рок од десет дена да одлучи по поднесената жалба и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба.

Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи во рокот од ставот 12 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој министерот, односно градоначалникот ќе одлучи по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена да го информира подносителот на барањето.

Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи и во дополнителниот рок од ставот 13 на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот 10 на овој член, подносителот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот 15 на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот 10 на овој член и/или не поднесе пријава согласно со ставот 14 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Министерството, односно општината дали е спроведена постапката согласно со закон, односно ќе ја поднесе пријавата согласно со ставот 14 од овој член и во рок од три работни дена да го информира подносителот на приговорот.

Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот 16 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на приговорот.

Во случајот од ставот 17 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден ден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Во случаите од ставот 18 на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

Доколку Директорот на државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот 18 на овој член, граѓанинот може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

Доколку министерот, односно градоначалникот не одлучи во рок од ставот 13 на овој член, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

По објавувањето на подзаконските акти од ставот 7 на овој член во „Службен весник на Република Македонија“ истите се објавуваат на веб страницата на Министерството.“

Член 8

Членот 36 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- на инспекторот не му овозможи непречено вршење на надзорот (член 19) и

- на инспекторот во определениот рок не му достави или подготви точни и целосни податоци, извештаи, материјали или други документи кои се неопходни за извршување на инспекцискиот надзор (член 25).

Глоба во износ од 500 до 700 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 250 до 300 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице вработено во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

(3) Доколку потрошувачот го искористи правото на откажување од договорот за кредит, тој треба:

1) да го извести кредиторот во писмена форма или преку друг траен медиум за откажувањето од договорот за кредит, пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член и

2) да ја плати главнината и каматата за периодот од искористувањето на кредитот до денот на плаќање на главнината, веднаш но не подоцна од 30 дена од денот на известувањето на кредиторот за откажувањето од кредитот. Каматата се пресметува врз основа на договорената каматна стапка. Кредиторот има право на надоместок на неповратните трошоци платени во врска со договорот за кредит кон јавни или државни органи.

(4) Доколку кредиторот или трета страна, врз основа на договор за дополнителни услуги, даваат дополнителни услуги во врска со договорот за кредит, потрошувачот не е обврзан со таквиот договор, ако го искористил своето право на откажување од договорот за кредит согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Одредбите од ставовите (1), (3) и (4) на овој член не се применуваат на раскинувањето на договорите склучени на далечина согласно со Законот за давање на финансиски услуги на далечина.

Поврзани договори за кредит

Член 15

(1) Кога потрошувачот го искористил правото на откажување од договорот за набавка на одредена стока или давање на услуги, тој повеќе не е врзан со поврзаниот договор за кредит.

(2) Доколку стоките или услугите од поврзаниот договор за кредит не се обезбедени, односно дадени, или само делумно се обезбедени, односно дадени, или не се соодветни на договорот, потрошувачот има право да бара надоместок од кредиторот, ако потрошувачот истакнал приговор против набавувачот на стоките, односно давателот на услугите, но не добил соодветна компензација.

Предвремена отплата на кредитот

Член 16

(1) Потрошувачот има право во кое било време да го плати, целосно или делумно, недостасаниот дел од кредитот без дополнителни трошоци, согласно со договорот за кредит. Во тој случај има право на намалување на вкупните трошоци на кредитот, кое се состои од каматата и другите трошоци за преостанатиот период на траење на договорот за кредит.

(2) Во случај од ставот (1) на овој член, кредиторот има право на праведен надоместок за трошоците директно поврзани со предвремената отплата на кредитот. Таквиот надоместок не смее да надмине 1% од износот на предвреме отплатениот кредит, доколку периодот меѓу предвремената отплата и рокот на траење на договорот за кредит се случи во период подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит, односно не повеќе од 0.5%, доколку предвремената отплата се случи во период не подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член не се плаќа:

1) доколку предвремената отплата е извршена врз основа на договор за осигурување склучен како гаранција за плаќање на кредитот;

2) во случај на дозволено пречекорување или

3) доколку предвремената отплата се случи во време кога каматната стапка не е фиксна.

(4) Правото од ставот (2) на овој член кредиторот може да го користи само доколку предвремената отплата настанува во период за кој каматната стапка е фиксна.

(5) Износот на надоместокот од ставот (2) на овој член не смее да го надмине износот на каматата што потрошувачот би ја платил во периодот на денот од предвремената отплата до истекот на рокот на траење на договорот за потрошувачки кредит.

Отстапување

Член 17

(1) Во случај на отстапување на побарување од договорот за потрошувачки кредит или отстапување на договор за потрошувачки кредит на друго лице, потрошувачот има право кон лицето на кое му е отстапено побарувањето, односно договорот за потрошувачки кредит да ги истакне сите приговори, освен личните приговори што ги имал кон кредиторот на потрошувачки кредит.

(2) Потрошувачот треба да биде известен за извршеното отстапување од ставот (1) на овој член, освен доколку кредиторот, во договор со лицето на кое му се врши отстапувањето, продолжува да го сервисира кредитот.

Пречекорување

Член 18

(1) При договор за отворање на сметка со можност за пречекорување, кредиторот мора редовно да го информира потрошувачот, на хартија или преку друг траен медиум, за каматната стапка согласно со членот 6 став (1) точка 5 на овој закон.

(2) Во случај на значително пречекорување во период подолг од 30 дена, кредиторот ќе го информира потрошувачот веднаш, во писмена форма или преку друг траен медиум за:

1) пречекорувањето;

2) износот на пречекорувањето и

3) каматната стапка и казнената камата, трошоците и каматата на достасаните неплатени обврски.

Ништовност

Член 19

(1) Одредбите во договорите за потрошувачки кредит со кои се намалуваат или поништуваат правата на потрошувачите гарантирани со овој закон се ништовни.

(2) Одредбите од овој закон директно се применуваат во договор за потрошувачки кредит во случај кога одредбата на договорот за потрошувачки кредит е нејасна или непотполна.

(3) Потрошувачот не може да се откаже од правата што произлегуваат од овој закон.

V. ГОДИШНА СТАПКА НА ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ

Пресметка на годишната стапка на вкупните трошоци

Член 20

(1) Годишната стапка на вкупните трошоци се пресметува според методологија пропишана од Советот на Народната банка на Република Македонија.

(2) За целите на пресметување на годишната стапка на вкупните трошоци, вкупните трошоци на кредитот за потрошувачот треба да бидат определени, со исклучок на трошоците што ги плаќа потрошувачот за непочитување на обврските од договорот за кредит и други трошоци кои е должен да ги плати без разлика дали трансакцијата се врши во готово или на кредит, освен куповната цена за набавка на стоки или услуги.

(3) Трошоците за водење на сметка на која се евидентираат уплатите и исплатите на искористениот дел на кредитот, трошоците за користење на средства за плаќање за уплатите и исплатите на искористениот дел од кредитот, како и другите трошоци поврзани со уплатите на средства ќе бидат вклучени во вкупните трошоци на кредитот за потрошувачот, освен доколку отворањето на сметката не е задолжително, а трошоците на сметката се јасно и одделно прикажани во договорот за кредит или во друг договор склучен со потрошувачот.

(4) За потребите на пресметување на годишната стапка на вкупни трошоци се смета дека договорот за потрошувачки кредит е полноважен и дека кредиторот и потрошувачот ги исполнуваат своите права и обврски од договорот на договорениот начин и во договореното време.

(5) Во случај договорот за потрошувачки кредит да содржи одредби со кои се предвидува можност за промена на каматната стапка, провизиите и другите надоместоци, при пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци се смета дека до исполнување на договорот каматите и другите трошоци кои влегуваат во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци се непроменети.

VI. ДОЗВОЛА ЗА КРЕДИТОРИ

Член 21

(1) Кредитор, освен кредиторите над кои супервизија и надзор спроведува Народната банка на Република Македонија и кредиторите кои вршат финансиска активност запишана во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Македонија врз основа на посебна дозвола од Министерството за финансии, пред да започне со активности за одобрување на потрошувачки кредит е должен да поднесе барање за издавање на дозвола од министерот за економија за одобрување на потрошувачки кредити.

(2) За издавање на дозволата од ставот (1) на овој член кредиторот на потрошувачки кредит треба да ги исполнува следниве услови:

1) да е регистриран во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Македонија;

2) да не е отворена стечајна или ликвидациона постапка;

3) против одговорното лице и вработените да не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

4) одговорното лице да има високо образование и најмалку три години работно искуство;

5) да има вработено најмалку еден дипломиран правник и еден дипломиран економист и

6) да располага со соодветен деловен простор и техничка опременост.

(3) Министерот за економија со правилник поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за добивање на дозволата од ставот (1) на овој член и формата и содржината на дозволата за одобрување на потрошувачки кредити, како и техничката опременост, односно техничките услови што треба да ги исполни подносителот на барањето.

(4) По барањето за добивање дозвола за одобрување на потрошувачки кредити, министерот за економија одлучува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Министерот за економија со решение ќе го одбие барањето за добивање на дозвола за одобрување на потрошувачки кредити, доколку:

1) барањето е некомплетно;

2) не се исполнети пропишаните услови од ставот (2) на овој член;

3) на барателот претходно му била одземена дозвола за одобрување на потрошувачки кредити издадена согласно со одредбите од овој закон или

4) на барателот му била изречена прекршочна санкција заради одобрување на потрошувачки кредити без да поседува дозвола за одобрување на потрошувачки кредити, согласно со одредбите од овој закон.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член кредиторот има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(7) На постапката за издавање на дозволата од ставот (1) на овој член се применува Законот за општата управна постапка.

Член 22

(1) Доколку министерот за економија не донесе решение за издавање на дозвола, односно не донесе решение за одбивање на барањето во рокот од членот 21 став (4) на овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од денот на истекот на рокот од членот 21 став (4) на овој закон да поднесе барање до министерот за економија за донесување на решение.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 21 став (1) на овој закон.

(4) Министерот за економија е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член да донесе решение за издавање на дозвола, односно за одбивање на барањето.

(5) Доколку министерот за економија не донесе решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Инспекторот е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапка по поднесеното барање за издавање на дозвола во согласност со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор е должен да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот по извршениот надзор согласно со закон доколку утврди повреда на правилата на постапката донесува решение со кое го задолжува министерот за економија во рок од десет дена да донесе решение за издавање дозвола или за одбивање на барањето и во истиот рок да го извести Државниот управен инспекторат за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку министерот за економија не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои министерот за економија ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку министерот за економија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член подносителот на известувањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и, доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (6) и (7) на овој член и не поднесе пријава согласно со ставовите (8) и (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот ќе изврши надзор во Министерството за економија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку министерот за економија не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(17) Подзаконскиот акт од членот 21 став (3) на овој член се донесува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(18) По донесувањето на подзаконскиот акт од членот 21 став (3) на овој закон истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за економија.

Регистар на кредитори и регистар на кредитни посредници

Член 23

(1) Министерството за економија води Регистар на кредитори на потрошувачки кредит и Регистар на кредитни посредници кај кредитори на кои министерот за економија им издал дозвола за одобрување на кредити.

(2) На кредиторите кои се запишани во Регистарот на кредитори на потрошувачки кредит, Министерството за економија им издава налепници кои мора да бидат истакнати во сите простории на кредиторот во кои се врши дејноста.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот (1) на овој член и формата и содржината на налепниците од ставот (2) на овој член ги пропишува министерот за економија.

VII. ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ

Член 24

(1) Кредитниот посредник врши посредување при склучување на потрошувачки кредити врз основа на писмено овластување за кредитен посредник од кредитор заверено на нотар.

(2) Кредитните посредници се должни во контактите со потрошувачите да го презентираат овластувањето од кредиторот.

(3) Кредитните посредници се должни да водат евиденција за видот и обемот на кредитите за кои посредувале и за тоа дневно да го известуваат кредиторот кој ги овластил за кредитни посредници.

Член 25

(1) Кредитен посредник може да врши посредување при склучување на потрошувачки кредити за еден или повеќе кредитори.

(2) Кредитниот посредник е должен во рекламните материјали да ги наведе овластувањата што ги има, а особено дали работи само за еден или за повеќе кредитори.

(3) Кредитниот посредник е одговорен доколку ги пречекори овластувањата дадени од кредиторот.

Член 26

(1) Кредитниот посредник не смее да бара од потрошувачот надоместок за услугата за посредување, освен доколку кредитниот посредник и кредиторот поинаку не се договорат во писмена форма или преку друг траен медиум, пред склучувањето на договорот за кредит.

(2) Кредиторот услугата за посредување ја изразува во вкупните трошоци на кредитот, доколку надоместокот го пресметува и наплатува на сметка на потрошувачот.

Член 27

(1) Кредиторот е должен да води евиденција за кредитните посредници на кои им дал овластување за посредување и за видот и обемот на активностите на секој од кредитните посредници.

(2) Кредиторите кои работат врз основа на дозвола издадена од министерот за економија, се должни најдоцна до 31 март во тековната година до Министерството за економија да достават список на кредитни посредници на кои им дале овластување за посредување, со податоци за видот и обемот на активностите на секој од кредитните посредници во претходната календарска година.

(3) Кредиторите над кои супервизија и надзор врши Народната банка на Република Македонија, се должни да достават список за кредитни посредници до Народната банка на Република Македонија на начин и во постапка пропишани од Советот на Народната банка на Република Македонија.

(4) Кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии се должни да достават список за кредитни посредници до Министерството за финансии на начин и во постапка пропишани од министерот за финансии.

VIII. ИЗВЕШТАИ

Член 28

(1) Кредиторите, освен кредиторите кои се финансиска институција над кои супервизија и надзор спроведува Народната банка на Република Македонија и кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии, се должни секои шест месеци, најдоцна на петтиот работен ден по истекот на тој рок, до Министерството за економија да достават извештај за бројот и вредноста на склучените договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци.

(2) Формата, содржината и начинот на доставување на извештаите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) Кредиторите над кои супервизија и надзор спроведува Народната банка на Република Македонија и кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии, извештајот за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци ги доставуваат до Народната банка на Република Македонија, односно Министерството за финансии.

(4) Формата, содржината, начинот и роковите за доставување на извештаите од ставот (3) на овој член ги пропишува Советот на Народната банка на Република Македонија, односно министерот за финансии.

IX. НАДЗОР

Член 29

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

(2) Инспекциски надзор над кредиторите кои работат врз основа на дозвола издадена од министерот за економија врши Државниот пазарен инспекторат преку државни пазарни инспектори.

(3) Инспекцискиот надзор се врши на барање на потрошувачот, Организацијата за заштита на потрошувачите и по службена должност.

(4) Инспекцискиот надзор опфаќа контрола над:

1) рекламирањето;

2) пред договорните информации;

3) понудата;

4) содржината на договорите за потрошувачки кредити;

5) предвремената отплата на кредитот;

6) начинот на пресметка на годишната стапка на вкупни трошоци;

7) исполнувањето на условите од дозволата од страна на кредиторите;

8) издадените овластувања за кредитни посредници и

9) начинот на вршење на посредување од страна на кредитните посредници.

(5) Доколку државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека кредиторот или кредитниот посредник не постапуваат или постапуваат спротивно на одредбите од овој закон веднаш, а најдоцна во рок од десет дена, го известува министерот за економија.

Одземање на дозвола

Член 30

Министерот за економија, на предлог на Државниот пазарен инспекторат или Организацијата за заштита на потрошувачите, ја одзема дозволата за одобрување на потрошувачки кредити и му изрекува мерка забрана за вршење на дејност во траење од 30 дена на кредиторот, доколку:

1) при рекламирањето не ги наведува податоците од членот 4 став (1) на овој закон или наведените податоци се неточни и неактуелни;

2) договорот за кредит содржи одредби кои се спротивни на одредбите на овој закон;

3) склучува договори за потрошувачки кредит кои не се во форма и содржина пропишани со членот 10 од овој закон или

4) годишната стапка на вкупни трошоци и вкупните трошоци на кредитот не ги пресметува во согласност со членот 20 од овој закон.

Примена на Законот за инспекцискиот надзор

Член 31

Во постапката на вршење на инспекцискиот надзор од членот 29 на овој закон се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 32

(1) По исклучок на членот 29 од овој закон, надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на кредиторите над кои супервизија и надзор спроведува Народната банка на Република Македонија, врши Народната банка на Република Македонија на начин и во постапка пропишани од страна на Советот на Народната банка на Република Македонија.

(2) По исклучок на членот 29 од овој закон, надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии, врши Министерството за финансии.

(3) Во случај на непочитување на одредбите од овој закон од страна на кредиторите од ставовите (1) и (2) на овој член Народната банка на Република Македонија и Министерството за финансии соодветно ги применуваат одредбите од овој закон кои се во надлежност на Министерството за економија.

X. ВОНСУДСКО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 33

Кредиторите и потрошувачите ќе настојуваат настанатите спорови да ги решаваат со усогласување, порамнување, медијација или на друг мирен начин.

XI. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

Член 34

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, лицата кои се овластени за надзор се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции предвидени со овој закон е надлежниот суд.

Член 35

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитор на потрошувачки кредит, ако:

1) не истакне налепница добиена од Министерството за економија во сите простории во кои се врши дејноста (член 23 став (2));

2) не води евиденција за кредитни посредници на кои им дал овластување за посредување и не води евиденција за видот и обемот на активностите за секој од кредитните посредници (член 27 став (1));

3) најдоцна до 31 март во тековната година до Министерството за економија не достави список на овластени кредитни посредници или достави список без податоци за видот и обемот на активностите за секој кредитен посредник во претходната година (член 27 став (2)) и

4) не доставува извештај за бројот на склучени договори за кредит или извештај за договорена годишна стапка на вкупни трошоци или доставува извештаи по истекот на одредениот рок или не доставува извештаи во пропишаната форма и содржина (член 28).

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице кај кредиторот на потрошувачки кредит.

Член 36

(1) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитор на потрошувачки кредит, ако:

1) секое рекламирање за договор за потрошувачки кредит, не ги содржи стандардните информации од членот 4 став (2) на овој закон;

2) пред потрошувачот да се обврзе со понуда и/или со договор за потрошувачки кредит, на потрошувачот не му ги даде информациите од членот 5 став (1) на овој закон во писмена форма или преку друг траен медиум;

3) постапува спротивно на одредбите од членот 5 ставови (2), (3), (4) и (5) на овој закон;

4) пред потрошувачот да се обврзе со понуда и/или со договор за дозволено пречекорување на сметката, на потрошувачот не му ги даде информациите од членот 6 став (1) на овој закон во писмена форма или преку друг траен медиум;

5) постапува спротивно на одредбите од членот 6 ставови (3), (4), (5) и (6) на овој закон;

6) не ја процени кредитната способност на потрошувачот или не ги дополни финансиските информации за потрошувачот (член 8 ставови (1) и (2));

7) без одлагање и бесплатно не го извести потрошувачот детално за податоците врз основа на кои ја донел одлуката за одбивање на барањето за кредит (член 9 став (2));

8) договорот за потрошувачки кредит не е склучен во писмена форма или преку друг траен медиум во доволно примероци за сите договорни страни (член 10 став (1));

9) во договорот за потрошувачки кредит на јасен и прецизен начин не се наведени информациите од членот 10 став (2) на овој закон;

10) договорот за дозволено пречекорување не ги содржи информациите од членот 10 став (3) на овој закон;

11) не го извести потрошувачот за секоја промена на каматна стапка согласно со членот 11 став 1 на овој закон;

12) не го информира редовно потрошувачот преку извештај за состојба на сметката, писмено или преку друг траен медиум согласно со членот 12 од овој закон;

13) на потрошувачот не му ги намали вкупните обврски во случај на плаќање на недостасаниот дел од кредитот од страна на потрошувачот за износот на каматата и другите трошоци за преостанатиот период на траење на договорот за кредит (член 16 став (1));

14) не го извести потрошувачот за отстапување на побарувањето од договорот за потрошувачки кредит на друго лице (член 17);

15) не го информира потрошувачот во писмена форма или преку друг траен медиум согласно со членот 18 на овој закон;

16) ја пресметува годишната стапка на вкупни трошоци спротивно на членот 20 од овој закон;

17) даде овластување за кредитен посредник кое не е заверено на нотар (член 24 став (1)) и

18) надоместокот за услугата за посредување и трошоците на посредување на кредитниот посредник не ги изрази во вкупните трошоци на кредитот, доколку надоместокот се наплатува од потрошувачот (член 26 став (2)).

(2) Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај кредиторот на потрошувачки кредит.

Член 37

(1) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитен посредник, ако во контактите со потрошувачите не го презентира овластувањето од кредиторот на потрошувачки кредит, не води евиденција за видот и обемот на кредитите за кои посредувал и за тоа дневно не го известува кредиторот на потрошувачки кредит од кој го добил овластувањето за кредитен посредник (член 24 ставови (2) и (3)).

(2) Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај кредитниот посредник - правно лице.

Член 38

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на кредитен посредник, ако:

1) кое било рекламирање или понуда со кои нуди склучување на потрошувачки кредит во деловните простории или на друг начин, не ги содржат потребните податоци или податоците содржани во рекламите и понудите не се точни и актуелни за времето кога се прави рекламирањето и понудата (член 5 ставови (1) и (2));

2) посредува за договорот за потрошувачки кредит кој не е склучен во писмена форма или еден примерок од договорот не му се врачи на потрошувачот (член 6 став (1));

3) во договорот за потрошувачки кредит на јасен и прецизен начин не се наведени информациите од членот 10 став (2) на овој закон);

4) договорот за дозволено пречекорување на јасен и прецизен начин не ги содржи информациите од членот 10 став (3) на овој закон;

5) посредува при склучување на договори за потрошувачки кредит врз основа на овластување за кредитен посредник од кредитор на потрошувачки кредит кое не е заверено на нотар (член 24 став (1)) и

6) бара од потрошувачот надоместок за услугата за посредување спротивно на членот 26 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице кај кредитниот посредник - правно лице.

Член 39

Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во Министерството за економија, доколку не го донесе решението од членот 22 став (2) на овој закон во предвидениот рок.

Член 40

(1) Глоба во износ од 5.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на трговско друштво или трговец поединец ако нуди одобрување или одобрува потрошувачки кредит без добиена дозвола за одобрување на потрошувачки или извршува активности на кредитен посредник без овластување за кредитен посредник од кредитор на потрошувачки кредит.

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на трговско друштво или трговец поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност во траење од најмногу 30 дена.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член ќе се изрече глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во трговското друштво или трговецот поединец.

(4) Покрај глобата од ставот (2) на овој член на одговорното лице во трговското друштво или трговецот поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција, забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од најмногу 30 дена.

Член 41

Глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице ако извршува активности на кредитен посредник без овластување за кредитен посредник од кредитор на потрошувачки кредит.

XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 42

Трговските друштва и трговците поединци кои нудат одобрување, склучување или одобруваат потрошувачки кредити до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 43

Подзаконските акти предвидени со овој закон, Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за економија се должни да ги донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 44

Одредбите од членовите 9 став (1), 14 став (5) и 16 став (4) на овој закон ќе отпочнат да се применуваат со пристапувањето на Република Македонија во Европската унија.

Член 45

Одредбите од овој закон нема да се применуваат на договорите за потрошувачки кредити склучени до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 46

Одредбата од членот 21 став (6) на овој закон ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 47

Со денот на отпочнување на примената на овој закон престанува да важи Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2007 и 17/11).

Член 48

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 октомври 2011 година.

L I G J
PËR MBROJTJE TË KONSUMATOREVE GJATE MARREVESHJEVE PËR KREDI KONSUMI

I. DISPOZITA TË PERGJITHSHME

Neni 1

(1) Me kete ligj rregullohet mbrojtja e konsumatoreve gjate lidhjes dhe realizimit të marreveshjeve për kredi konsumi, në vellim dhe për dedikime të parapara me kete ligj.

(2) Për gjithcka që nuk eshte rregulluar me kete ligj, në marreveshje për kredi konsumi zbatohen dispozitat e Ligjit për marredhenie obliguese, e për mbrojtje të konsumatoreve dispozitat e Ligjit për mbrojtje të konsumatoreve.

(3) Nese nuk eshte rregulluar ndryshe me kete ligj, në marreveshje për lizing financiar zbatohen dispozitat e Ligjit për lizing.

Perkufizime

Neni 2

Shprehjet e vecanta të perdorura në kete ligj e kane kuptimin si vijojne:

1. "Konsumator" eshte personi fizik i cili lidh marreveshje për kredi konsumi në pajtim me kete ligj, e për realizimin e qellimeve që nuk lidhen me ushtrimin e veprimtarise tregtare, afariste apo profesionale;

2. "Kreditor" eshte banka ose shoqeria tjeter tregtare dhe tregtari individual i cili në kuader të veprimtarise së vet të regjistruar, lejon ose premton se do t'i lejoje kredi konsumatorit;

3. "Marreveshje për kredi konsumi" eshte marreveshja me të cilen kreditori lejon ose premton se do t'i lejoje konsumatorit kredi në forme të huas, tejkalimit të lejuar, pagimit të prolonguar të prodhimit dhe sherbimeve, lizingut financiar ose sherbimit tjeter të ngjashem financiar, pervec marreveshjeve për dhenie të sherbimeve në baze të vazhdueshme ose për furnizim me prodhime të llojit të njejte te të cilat pagimi behet në keste gjate periudhes së dhenies së sherbimeve dhe furnizimit me prodhime;

4. "Tejkalim i lejuar" eshte marreveshja eksplicite për kredi me të cilen kreditori në llogari të konsumatorit leshon në disponim mjete në shume më të madhe se gjendja rrjedhese e mjeteve të kesaj llogarie;

5. "Tejkalim" eshte pranimi i heshtur i tejkalimit ku kreditori në llogari të konsumatorit leshon në disponim mjete në shume më të madhe se gjendja rrjedhese e mjeteve të kesaj llogarie ose nese ekziston tejkalimi i lejuar, shuma më të madhe se tejkalimi i lejuar;

6. "Ndermjetesues i kredise" eshte personi fizik ose juridik i cili nuk eshte kreditor dhe në kuader të veprimtarise së tij tregtare, afariste ose profesionale për kompensim, kryen një ose më shume prej aktiviteteve si vijojne:

- prezanton ose ofron marreveshje për kredi konsumi,
- u ndihmon konsumatoreve me ndermarrjen e aktiviteteve pergatitese dhe për marreveshje tjera për kredi, pervec për marreveshje për kredi konsumi, ose
- lidh marreveshje për kredi konsumi në emer dhe për llogari të kreditorit;

7. "Shpenzime të pergjithshme të kredise" jane të gjitha shpenzimet, duke i perfshire kamatat, provizionet, donacionet dhe cfaredo kompensimesh tjera në lidhje me marreveshjen për kredi konsumi të cilat konsumatori duhet t'i paguaje gjate lejimit dhe pageses së rregullt të kredise dhe të

cilat i jane të njohura kreditorit, pervec shpenzimeve të noterit. Shpenzimet për sherbime plotesuese lidhur me marreveshjen për kredi konsumi, duke i perfshire edhe premite për sigurimin e kredise, gjithashtu hyjne në shpenzimet e pergjithshme të kredise, nese lidhja e marreveshjes për sherbime plotesuese eshte e detyrueshme për marrjen e kredise ose për marrjen e saj me kushte të caktuara;

8. "Shuma e pergjithshme që e paguan konsumatori" paraqet permbledhjen e shumes së pergjithshme të kredise dhe shpenzimeve të pergjithshme të kredise;

9. "Shkalle vjetore e shpenzimeve të pergjithshme" jane shpenzimet e pergjithshme të kredise, duke i perfshire edhe shpenzimet nga neni 20 paragrafi (3) të ketij ligji nese eshte e zbatueshme, të shprehura si perqindje vjetore të shumes së pergjithshme të kredise;

10. "Shkalle kamatore" eshte shkalla kamatore e shprehur si perqindje fikse ose variabile e treguar në baze vjetore të pjeses së shfrytezuar të kredise;

11. "Shkalle kamatore fikse" do të thote se kreditori dhe konsumatori pajtohen për një shkalle kamatore gjate kohezgjatjes së marreveshjes për kredi konsumi ose për disa kamata të kredise për periudha të caktuara, të shprehura vecanerisht në perqindje fikse. Nese në marreveshjen për kredi konsumi nuk caktohen të gjitha shkallet kamatore, shkalle kamatore do të konsiderohet se eshte fikse vetem për periudhat e caktuara për të cilat shkallet kamatore percaktohen vecanerisht në perqindje fikse për të cilen eshte arritur pelqimi gjate lidhjes së marreveshjes për kredi konsumi;

12. "Shuma e pergjithshme e kredise" eshte kufiri i eperm i kredise ose shuma e pergjithshme që i lihet në disponim konsumatorit në pajtim me marreveshje për kredi konsumi;

13. "Medie e perhershme" eshte çdo instrument që konsumatorit i mundeson t'i deponoje informatat e derguara personalisht te ai në menyre që i mundeson shfrytezim të ketyre informatave në një periudhe të caktuar kohore në menyre adekuate me qellimin e informatave dhe që lejon reproduksion të pandryshuar të informatave të deponuara dhe

14. "Marreveshje e lidhur për kredi" eshte:

- marreveshja për kredi me të cilen financohet marreveshja për furnizim të mallrave ose sherbimeve dhe

-marreveshje nga alineja 1 e kesaj pike që paraqesin teresi komerciale. Teresia komerciale ekziston kur furnizuesi ose dhenesi i sherbimeve vet e financon kredine e konsumatorit, ose kur kredia financohet nga pala e trete, kur kreditori i shfrytezon sherbimet e furnizuesit ose dhenesit të sherbimeve lidhur me lidhjen ose pergatitjen e marreveshjes për kredi konsumi, ose kur mallrat e caktuara, perkatesisht dhenia e sherbimeve të caktuara në menyre eksplicite theksohen në marreveshje për kredi konsumi.

Perjashtime

Neni 3

(1) Dispozitat e ketij ligji nuk zbatohen në:

1) marreveshje për kredi që sigurohen me hipoteke të prones së patundshme ose të drejtave tjera të prones së patundshme;

2) marreveshje për kredi qellimi i të cilave eshte marrja ose mirembajtja e të drejtes së pronesise së vendit ose nderteses, e ndertuar ose në ndertim;

3) marreveshje për kredi në shuma më të vogla se 200 dhe më të larta se 75 000 euro në kundervlere me denare;

4) marreveshjet për lizing ose për qira të sendeve te të cilat me vet marreveshjen ose me marreveshje të vecante nuk parashihet obligimi për blerje të sendeve në fund të afatit kontraktues. Do të konsiderohet se ekziston obligim për blerje edhe nese kreditori në menyre të njeanshme ka vendosur keshtu;

5) marreveshje për kredi në forme të tejkalimit të lejuar me afat të pageses prej një muaji;

6) marreveshje për kredi për të cilat nuk paguhet kamate dhe cfaredo shpenzimesh tjera dhe marreveshje për kredi te të cilat kredia duhet të kthehet në afat prej tre muajsh dhe me pagim të kompensimeve të parendesishme;

7) marreveshje për kredi të cilat punedhenesi, jashte veprimtarise së tij tregtare, ua lejon të punesuarve pa kamate ose me shkalle vjetore të shpenzimeve të pergjithshme më të ulet se ajo që mbizoteron në treg dhe të cilat nuk i ofrohen publikut më të gjere;

8) marreveshje për kredi që lidhen me persona juridike të cilet kryejne sherbime me letra me vlere në pajtim me Ligjin për letra me vlere, ose me bankat me qellim që t'i mundesohet investuesit të kryeje transaksion që lidhet me një ose me më shume letra me vlere në pajtim me Ligjin për letra me vlere, nese personat juridike ose banka që e lejon kredine perfshihen në transaksionin e ketille;

9) marreveshje për kredi të cilat jane rezultat i barazimit gjyqesor ose barazimit para organit të administrates shteterore, si dhe pagimit të shtyre me dokument permbarues me ndermjetesimin e permbaruesit;

10) marreveshje për kredi për pagimin e shtyre të borxhit ekzistues, pa pagimin e shpenzimeve;

11) marreveshje për kredi me lidhjen e së ciles nga konsumatori kerkohet të deponoje lende te kreditori si garanci dhe detyrimi i konsumatorit kufizohet në lenden e pengut dhe

12) marreveshje për kredi që kane të bejne me hua të lejuara për grup të caktuar të popullsise që eshte me interes të shtetit me shkalla më të uleta kamatore se ato që mbizoterojne në treg ose pa shkalle kamatore, ose me kushte të ndryshme të cilat jane më të volitshme për konsumatorin dhe me shkalla kamatore që nuk jane më të larta se ato që mbizoterojne në treg.

(2) Në marreveshje për tejkalimin e lejuar dhe kur kredia duhet të kthehet me kerkese ose në afat prej më së shumti tre muajsh, zbatohen vetem dispozitat e nenit 2, dispozitat nga paragrafi (1) i ketij neni, neni 4 paragrafet (1) dhe (2) pikat 1 dhe 2, nenet 6, 7, 8, 9, 10 paragrafet (1) dhe (3), 12, 15, 17 dhe 20 të ketij ligji.

(3) Në rast të tejkalimit zbatohen vetem dispozitat e nenit 2, paragrafi (1) i ketij neni dhe neni 18 i ketij ligji.

(4) Në marreveshjet për kredi në të cilat parashihet që kreditori dhe konsumatori të kontraktohen për pagim të shtyre ose për menyrat e pageses kur konsumatori nuk e ploteson obligimin për pagimin e marreveshjes themelore për kredi, nese me marreveshjen e ketille parandalohet mundesia për procedure gjyqesore për shkak të mospagimit dhe konsumatori nuk do të fitoje kushte të pavolitshme të kushteve me të cilat lidhet marreveshja themelore, zbatohen vetem dispozitat nga neni 2, paragrafi (1) i ketij neni, nenet 4, 6, 7, 9, 10 paragrafet (1) pikat 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 12 dhe 18, (2) dhe (3), 11, 13, 16 dhe 18 të ketij ligji. Nese marreveshjet e ketilla për kredi jane në kuader të marreveshjes për tejkalimin e lejuar, zbatohen vetem dispozitat e paragrafit (2) të ketij neni.

II. REKLAMIMI DHE OFERTA

Informata standarde që duhet të perfshihen në reklamim

Neni 4

(1) Çdo reklamim në lidhje me marreveshjet për kredite konsumi, i cili inicon shkalle kamatore ose të dhena të lidhura me shpenzimet për kredi, duhet t'i permbaje informatat standarde nga paragrafet (2) dhe (3) të ketij neni.

(2) Informatat standarde jepen në menyre të qarte, precize dhe në menyre që lehte shihen nepermjet ekzemplarit reprezentativ dhe kane të bejne me:

1) shkallen kamatore, fikse ose variabile ose me të dyjat, me detaje për të gjitha kompensimet të perfshira në shpenzimet e pergjithshme të kredise së konsumit;

2) shumen e pergjithshme të kredise;

3) shkallen vjetore të shpenzimeve të pergjithshme, pervec për marreveshje nga neni 3 paragrafi (2) i ketij ligji;

4) kohezgjatjen e marreveshjes për kredi konsumi, nese eshte e zbatueshme;

5) shumen e pageses me para të gatshme dhe lartesine e cfaredo pagesave avance, në rast të kredise në forme të pageses së shtyre për mallra ose sherbime të caktuara dhe

6) shumen e pergjithshme të cilen e paguan konsumatori dhe shumen e kesteve, nese eshte e zbatueshme.

(3) Kur lidhja e marreveshjes për sherbime plotesuese të lidhura me marreveshjen për kredi konsumi, vecanerisht marreveshja për sigurim, detyrohet për marrjen e kredise ose për marrjen e kredise në pajtim me kushtet e reklamimit, ndersa shpenzimi i ketij shperbimi nuk mund të caktohet prej perpara, obligimi për lidhjen e kesaj marreveshje do të theksohet në menyre të qarte, precize dhe të dukshme, së bashku me shkallen vjetore të shpenzimeve të pergjithshme.

Informata parakontraktuese

Neni 5

(1) Para se konsumatori të obligohet me oferte ose marreveshje për kredi konsumi, kreditori ose ndermjetesuesi i kredise detyrohen që me shkrim ose nepermjet ndonje medie tjeter të perhershme, në baze të kushteve të ofruara të kredise, konsumatorit t'i japin informata në formular të vecante, të nevojshme për krahasim me oferta të ndryshme, me qellim të miratimit të vendimit për lidhjen e marreveshjes për kredi. Informatat kane të bejne me:

1) llojin e kredise;

2) emrin dhe mbiemrin, perkatesisht emrin dhe adresen e kreditorit edhe nese zbatohet për ndermjetesuesin e kredise;

3) shumen e pergjithshme të kredise dhe kushtet për shfrytezimin e tyre;

4) kohezgjatjen e marreveshjes për kredi;

5) mallin ose sherbimin dhe cmimin e tij me para të gatshme, në rast të kredise në formen e pagimit të shtyre për mallra ose sherbime të caktuara dhe marreveshjet e lidhura për kredi;

6) shkallen kamatore, kushtet me të cilat rregullohet zbatimi i shkalles kamatore, dhe nese zbatohet çdo indeks ose shkalle referente e shkalles kamatore fillestare, si dhe periudhat, kushtet dhe procedurat për ndryshimin e shkalles kamatore. Nese në periudha të ndryshme zbatohen shkalle të ndryshme kamatore, të gjitha informatat e lartpermendura theksohen për çdo kamate;

7) shkallen vjetore të shpenzimeve të pergjithshme dhe shumen e pergjithshme të cilen e paguan konsumatori, të paraqitura nepermjet ekzemplarit reprezentativ në të cilin theksohen të gjitha parashtresat për llogaritjen e shkalles vjetore të shpenzimeve të pergjithshme. Nese konsumatori e njofton kreditorin për një ose më shume kushte të preferuara për kredine që e kerkon, siç jane kohezgjatja e marreveshjes për kredi dhe shuma e pergjithshme e kredise, kreditori detyrohet t'i kete parasysh keto kushte. Nese në marreveshjen për kredi parashihen më shume menyra të shfrytezimit të kredise me shpenzime të ndryshme ose shkalla kamatore, kreditori detyrohet të theksoje se mekanizma tjera për shfrytezimin e kredise, mund të shkaktojne shkalle më të larte vjetore të shpenzimeve të pergjithshme;

8) shumen e kestit të vecante, numrin e kesteve dhe nese zbatohet rendi i arritjes së kesteve të cilat konsumatori duhet t'i paguaje;

9) nese eshte e zbatueshme, shpenzimet për mbajtjen e një ose më shume llogarive në të cilat evidentohen arketimet dhe pagesat e pjeses së shfrytezuar të kredise, pervec nese hapja e llogarise eshte opsionale, si dhe shpenzimet për perdorimin e mjetit të caktuar për pagimin e arketimeve dhe pagesave të pjeses së shfrytezuar të kredise, shpenzimet tjera të cilat dalin nga marreveshja për kredi dhe kushtet me të cilat keto shpenzime mund të ndryshohen;

10) ekzistimin e shpenzimeve të noterit që i paguan konsumatori gjate lidhjes së marreveshjes, nese zbatohet;

11) obligimin, nese ekziston, për lidhjen e marreveshjes për sherbime plotesuese lidhur me marreveshjen për kredi konsumi, si marreveshje për sigurim, nese lidhja e marreveshjes së ketille eshte e detyrueshme për marrjen e kredise ose për marrjen e kredise në pajtim me kushtet e reklamimit;

12) shkallen kamatore të zbatueshme në rast të pagesave të vonuara, kushtet për ndryshimin (pershtatjen) e saj dhe shpenzimet për mosplotesimin e obligimit;

13) paralajmerimin për pasojat e mospagimit të kesteve;

14) garancite për kredine, nese zbatohet;

15) ekzistimin ose mungesen e të drejtes të doreheqjes së marreveshjes;

16) të drejten e pagimit të parakohshme të kredise dhe të drejten e kreditorit për kompensim dhe menyren e llogaritjes së kompensimit në pajtim me nenin 16 i ketij ligji;

17) të drejten e konsumatorit menjehere dhe falas që të informohet për rezultatin e analizes të aftesise së tij të kreditit të marre në baze të të dhenave nga baza e të dhenave, në pajtim me nenin 9 paragrafi (2) i ketij Ligji;

18) të drejten e konsumatorit që të marre, me kerkese dhe falas, kopje nga draft - marreveshja për kredi konsumin. Kjo dispozite nuk zbatohet nese kreditori gjate kohes së parashtrimit të kerkeses nuk deshiron të qaset në lidhjen e marreveshjes për kredi konsumi me konsumatorin dhe

19) afatin në të cilin kreditori obligohet me informatat para kontraktuese, nese zbatohet.

(2) Në rast të komunikimit në telefon ose mjetit tjeter për komunikim me zë në largesi kreditori detyrohet që konsumatorit t'ia kumtoje informatat nga paragrafi (1) pikat 3, 4, 5, 6 dhe 8 të ketij neni, si dhe shkallen vjetore të shpenzimeve të pergjithshme, nepermjet ekzemplarit reprezentativ dhe shumes së pergjithshme të cilen e paguan konsumatori.

(3) Nese marreveshja u lidh me kerkese të konsumatorit me shfrytezimin e mjeteve për komunikim në largesi që nuk mundesojne dhenie të kushteve dhe informatave kontraktuese në pajtim me paragrafin (1) i ketij neni, kreditori detyrohet që ta plotesoje obligimin menjehere me lidhjen e marreveshjes.

